ПОШТЕНСКА БАНКА

# ***Барање за отворање на трансакциска сметка за физички лица***

## *1. Податоци за Барателот (пополнува физичкото лице):*

| | |
|---|---|
| Име и Презиме на Барателот: | |
| Датум на раѓање: | |
| ЕМБГ: | |
| Адреса: | |
| Општина: | |
| Телефон за контакт: | |

**2. Број на трансакциска сметка (*):** **360 - ________________ - _**

(*) ***пополнува Банката***

### ***ДОГОВОР***
### ***за отворање и водење на трансакциска сметка за физички лица за вршење на платен промет во земјата***

Склучен на ден ______________ помеѓу:

1. Поштенска Банка АД, Скопје (во понатамошниот текст: Банка), ЕМБС 4411889 претставувана од членовите на Управниот одбор Мелита Галиќ Крџиќ и Даниела Коцевска
и
2. __________________________________________________ од ______________ со ЕМБГ _______________________,
(име и презиме на сопственикот на сметката)
(во понатамошниот текст: Сопственик на сметка)

**Општи одредби**

**Член 1**

Со овој Договор се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Банката (носител на платен промет) и Сопственикот на сметката (учесник во платниот промет) во врска со отворање, водење и работење со трансакциската сметка во платен промет во земјата.

**Отворање и водење на сметка**

**Член 2**

Банката врз основа и под услови кои се дефинирани во овој Договор на сопственикот на сметката му отвора трансакциска сметка преку која тој врши плаќања во денари и уплата и исплата на готовина со користење на пропишаните инструменти за плаќање согласно Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата.

**Член 3**

Банката отвора трансакциска сметка врз основа на доставена документација потребна за отворање на трансакциска сметка пропишана согласно Упатството за начинот и постапката на отворање и затворање на сметки. Банката го идентификува учесникот во платниот промет врз основа на важечка лична или патна исправа, од која се гледа постојаното место на живеење во Република Македонија.

**Начин на извршување на платниот промет**

**Член 4**

Сопственикот на сметката е должен да доставува до Банката правилно и точно пополнети инструменти за плаќање. За евентуално настаната штета по основ на неправилно и погрешно пополнети инструменти за плаќање, Банката не сноси одговорност.

Банката го известува сопственикот на сметката за неправилно и погрешно пополнетите инструменти за плаќање кои нема да бидат извршени. Сопственикот на сметката е должен да се придржува на Терминскиот план за работа во платниот промет во земјата на Банката во спротивно сам ја сноси одговорноста за неизвршувањето на инструментите за плаќање.

**Член 5**

Банката извршува плаќања од сметката на сопственикот на сметката до висина на покритието на сметката. Под покритие на сметката се подразбира состојбата на сметката од претходниот работен ден, зголемена за евидентираните уплати на сметката во тековниот ден, износот на одобреното а неискористено дозволено пречекорување на сметката, а намалена за сите извршени плаќања од

сметката заедно со предвидената банкарска провизија и други задолжувања предвидени во член 6 од овој Договор до моментот на утврдување на салдото.

**Член 6**

Сопственикот на сметката согласно овој Договор ја овластува Банката да ја задолжува неговата сметка врз основа на:

- судски решенија; рекламации; надомест за извршените услуги во платниот промет во земјата во висина и начин утврден во Одлуката за Тарифа на надоместоци на Банката и други обврски согласно со Закон.

**Член 7**

Сопственикот на сметката ја овластува Банката да изврши пренос од/на трансакциската сметка на сите уплати/исплати кои се направени како уплати/исплати за одреден производ на Банката, а за кои со Законот за платен промет е пропишано да се извршуваат преку трансакциската сметка.

Сопственикот на сметката може и да ја овласти Банката да врши плаќање во име и за сметка на Соственикот на сметката кон трети лица. Овластувањето се дава во писмена форма, со назначување на сите потребни елементи за извршување на плаќањето.

Доколку сопственикот на сметка го откажува претходно даденото овластување или ги менува претходно дадените инструкции, должен е да ја извести Банката во рок од 5 дена пред денот на иврішување на плаќањето.

**<u>Известувања</u>**

**Член 8**

За состојбата и настанатите промени на сметката, Банката сопственикот на сметката го известува со доставување на извод за промените на состојбата на сметката. Сопственикот на сметката е должен да ја провери точноста на изводите и доколку утврди неправилности, должен е да достави приговор до Банката во рок од 2 (два) дена од денот на добивањето на изводот. Банката се обврзува дека ќе го разгледа приговорот и ќе одговори во рок од 8 (осум) дена.  Се смета дека сопственикот на сметката го прифаќа изводот доколку не го оспори во рок од (8) дена.

**<u>Заштита на податоци</u>**

**Член 9**

Банката во согласност со важечките законски прописи, податоците за сметката ги пријавува во Единствениот Регистар на Трансакциски Сметки (ЕРТС), кој се води во Клириншка Куќа-Клириншки Интер Банкарски Системи (КИБС) кој е единствена база на податоци и евиденција за сите сопственици на сметки во платниот промет во земјата. Договорните страни се обврзуваат дека како доверливи ќе ги чуваат сите податоци, дејствија и околности за кои добиле сознание во врска со извршувањето на овој Договор, освен за тоа што е пропишано со важечките законски прописи или ако не се договорат изричито поинаку. Сопственикот на сметката ја овластува Банката да го користи неговиот ЕМБГ исклучиво за потребите на отворање, водење и затворање на сметката и работите поврзани со вршење на платниот промет во земјата.

**<u>Важност и престанок на Договорот</u>**

**Член 10**

Овој Договор се склучува на неопределено време и истиот може да го раскине од било која договорна страна само со отказен рок од најмалку 1 (еден) месец. Сопственикот на сметката може да го раскине Договорот ако со тоа не ги крши одредбите од овој Договор и ако пред затворањето на сметката ги изврши сите обврски кои произлегуваат од овој Договор. Банката може да го раскине Договорот и без отказен рок доколку утврди дека сопственикот на сметката се однесува спротивно на одредбите од овој Договор и за истото ќе го извести сопственикот на сметката. Во случај на раскинување на Договорот од страна на Банката, Банката ќе ги пренесе средствата од сметката на сопственикот на сметката на друга сметка врз основа на инструкции од имателот на сметката, а доколку во рок од 8 (осум) дена сопственикот на сметката не достави инструкции, Банката ќе ги пренесе средствата на сметка по свој избор.

**<u>Завршни одредби</u>**

**Член 11**

За се што не е предвидено со овој Договор важат одредбите на законските прописи кои го регулираат платниот промет во земјата и актите на деловната политика на Банката.

**Член 12**

Во случај на спор по овој Договор договорните страни се обврзуваат дека спорот ќе го решат спогодбено, во спротивно надлежен е судот во Скопје.

**Член 13**

Овој Договор е составен во 2 (два) идентични примероци од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Јас, долупотпишаниот под полна материјална и кривична одговорност ја потврдувам точноста на дадените податоци во Барањето за отворање на трансакциска сметка за физички лица. Се обврзувам навремено и писмено да ја известувам Банката за секоја промена на податоците наведени во ова Барање.

Датум ___.___. 2009 година

| Сопственик на сметка | Поштенска Банка АД, Скопје |
|---|---|
| __________________________ | __________________________ |
| (потпис) | (потпис и печат) |